С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 10 година XLV

09 јули 2010

131.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потребата од изработка на Локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од изработка на Локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 07.07.2010 година.

Број 08-3356/1
09.07.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 50-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ”бр.91/09), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 07.07.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потребата од изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потребата од изработка на Локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес за уредување и користење на просторот за следните катастарски и градежни парцели:

Р.б.	Р.б. на актот	Катастарска/ градежна парцела	Урбанистички план	Подносител на иницијатива		
1	43	КП 16885 КО Велес	ГУП за град Велес одлука бр. 0701-2035/2 од 30.05.2006	ТТ „ТАБАК” дооел Велес	самоинвестирање	

Член 2

Одлуката за изработка на Локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес ќе претставува основа за изработка на урбанистичка документација.

Со урбанистичката документација ќе се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат, како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела за градби утврдени со закон како градби од трета, четврта и петта категорија за инвестициски проекти од значење за Општината.

Член 3

По утврдувањето на потребата од изработување на локалната урбанистичка планска документација истата треба со решение да биде одобрена од Градоначалникот по предлог на Комисијата за давање мислење на нацрт-урбанистичките планови и доставување на предлог за одобрување на локална урбанистичка планска документација, формирана од Градоначалникот.

Член 4

Средствата за изработка на локална урбанистичка планска документација ќе бидат обезбедени со самоинвестирање.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3315/1
07.07.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

132.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потребата од изработка на Локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 07.07.2010 година.

Број 08-3356/2
09.07.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 50-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ"бр.91/09), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 07.07.2010година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потребата од изработка на Локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потребата од изработка на Локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес за уредување и користење на просторот за следните катастарски и градежни парцели:

Р.б.	Р.б. на актот	Катастарска/ градежна парцела	Урбанистички план	Подносител на иницијатива	
1	44	КП 1037, КП 1043, КП 1549, КП 1554 КО Башино Село	Вон населено место	Лазов Данчо	самоинвестирање

Член 2

Одлуката за изработка на Локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес ќе претставува основа за изработка на урбанистичка документација.

Со урбанистичката документација ќе се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат, како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела за градби утврдени со закон како градби од трета, четврта и петта категорија, за инвестициски проекти од значење за Општината.

Член 3

По утврдувањето на потребата од изработување на Локалната урбанистичка планска документација истата треба со решение да биде одобрена од Градоначалникот по предлог на Комисијата за давање мислење на нацрт-урбанистичките планови и доставување на предлог за одобрување на локална урбанистичка планска документација, формирана од Градоначалникот.

Член 4

Средствата за изработка на Локална урбанистичка планска документација ќе бидат обезбедени со самоинвестирање.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3315/2
07.07.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

133.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потребата од изработка на Локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од изработка на Локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 07.07.2010 година.

Број 08-3356/3
09.07.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 50-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ"бр.91/09), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 07.07.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потребата од изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата од изработка на Локална урбанистичка планска

документација на територијата на Општина Велес за уредување и користење на просторот за следните катастарски и градежни парцели:

Р.б.	Р.б. на актот	Катастарска/ градежна парцела	Урбанистички план	Подносител на иницијатива	
1	45	КП 16883 КО Велес	ГУП за град Велес одлука бр. 0701-2035/2 од 30.05.2006	Зоран Љубенов	самоинвестирање

Член 2

Одлуката за изработка на Локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес ќе претставува основ за изработка на урбанистичка документација.

Со урбанистичката документација ќе се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат, како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела за градби утврдени со закон како градби од трета, четврта и петта категорија за инвестициски проекти од значење за Општината.

Член 3

По утврдувањето на потребата од изработување на Локалната урбанистичка планска документација истата треба со решение да биде одобрена од Градоначалникот по предлог на Комисијата за давање мислење на нацрт урбанистичките планови и доставување на предлог за одобрување на локална урбанистичка планска документација, формирана од Градоначалникот.

Член 4

Средствата за изработка на Локална урбанистичка планска документација ќе бидат обезбедени со самоинвестирање.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3315/3
07.07.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

134.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потребата од изработка на Локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од изработка на Локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 07.07.2010 година.

Број 08-3356/4
09.07.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 50-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ"бр.91/09), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 07.07.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потребата од изработка на Локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува

потребата од изработка на Локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес за уредување и користење на просторот за следните катастарски и градежни парцели:

Р.б.	Р.б. на актот	Катастарска/ градежна парцела	Урбанистички план	Подносител на иницијатива	
1	46	КП 18/3 КО Башино Село	ГУП за Езеро Младост – Велес одлука бр. 0701-1385/5 11.07.2002	ДУУ „ВЕЛЕШКО ЕЗЕРО“ ДООЕЛ Велес	самоинвестирање

Член 2

Одлуката за изработка на Локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес ќе претставува основа за изработка на урбанистичка документација.

Со урбанистичка документација ќе се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат, како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела за градби утврдени со закон како градби од трета, четврта и петта категорија за инвестициски проекти од значење за Општината.

Член 3

По утврдувањето на потребата од изработување на Локалната урбанистичка планска документација истата треба со решение да биде одобрена од Градоначалникот по предлог на Комисијата за давање мислење на нацрт-урбанистичките планови и доставување на предлог за одобрување на Локална урбанистичка планска документација, формирана од Градоначалникот.

Член 4

Средствата за изработка на Локална урбанистичка планска документација ќе бидат обезбедени со самоинвестирање.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3315/4
07.07.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

135.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за постапување со деградирани дрвја на територијата на Општина Велес

Се објавува Одлуката за постапување со деградирани дрвја на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 07.07.2010 година.

Број 08-3356/5
09.07.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 3 точка 9 од Законот за Комунални дејности ("Службен весник на РМ" бр. 45/97, 23/99 и 5/09), член 1 од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на територијата на Општина Велес пречистен текст ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 2/2004)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 07.07.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за постапување со деградирани дрвја на територијата на Општина Велес

I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука поблиску се уредуваат односите и начинот на постапување со деградираните дрвја на јавните површини на територијата на Општина Велес, како и мерките за спроведување на оваа Одлука.

Член 2

Под деградирано дрво во смисла на оваа Одлука се подразбира дрво кое има видливи знаци на сушење, знаци на фитопатолошко или ентомолошко заболување, дрво кое е оштетено од елементарни непогоди, дрво кое е прераснато и врз основа на неговата физиолошка зрелост е потенцијално опасно да предизвика човечки или материјални штети.

Спроведување на постапка за сечење подразбира проценка на состојбата на дрвјата и издавање на соодветна документација.

Постапување со деградираните дрвја претставува соборување, трупење на растојание од 1 метар на деблото и кастрење на гранките, транспортирање, складирање на исечената дрвна маса и нејзино користење.

Член 3

Спроведување на постапка за проценка на состојбата со деградираните дрвја врши РЕ „Паркови и зеленило" при ЈКП "Дервен" (во понатамошниот текст: РЕ од членот 3).

Постапувањето со деградираните дрвја на територијата на Општина Велес, утврдено во член 2, став 3 од оваа Одлука, го врши ЈКП "Дервен".

Член 4

РЕ од членот 3 на оваа Одлука постапува по барање на правни, физички лица или по службена должност, која за извршените увиди доставува мислење до Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура во Општина Велес.

Врз основа на мислењето, Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура во Општина Велес издава одобрение/налог за сечење.

Член 5

Во случај кога постои опасност од штети на подземни инсталации, пред изготвување на мислењето, РЕ од членот 3 е должна да побара претходно мислење од операторот на подземната инсталација.

Во случај кога постои опасност по електричните инсталации, РЕ од членот 3 е должна да испрати известување до операторот на електричните инсталации, за да постапи согласно правилникот за чистење на траси од гранки на нисконапонски и високонапонски воздушни водови.

За извршените увиди на деградирани дрвја кои се наоѓаат во приватен имот, а за кои има сериозни закани да предизвикаат штета на јавна површина, РЕ од членот 3 до сопственикот на имотот е должна да достави известување за опасноста на дрвјата по околината и можните последици.

Член 6

Активностите утврдени со одредбите на оваа Одлука ќе се финансираат од Буџетот на Општина Велес, со средства предвидени во Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на територијата на Општина Велес.

ЈКП "Дервен" е должен да ги вметне активностите утврдени во член 2, став 3, во Програмата за уредување и одржување на градското зеленило за 2010 година, до првата наредна седница од денот на донесувањето на оваа Одлука.

За финансирање на извршените работи, Општина Велес ќе склучи анекс кон Договорот со ЈКП "Дервен" за извршување на работите со јавното градско зеленило, кој ќе врши задолжување со доставување на фактура по извршена работа, а врз основа на ценовник утврден во Програмата за уредување и одржување на градското зеленило за 2010 година.

За извршените работи ЈКП "Дервен" ќе доставува извештај за извршено сечење, кој ќе биде потврден од комуналниот инспектор.

II. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

Одредбите од оваа Одлука не се однесуваат на дрвја кои се со степен на заштита како природни реткости и дрвја на јавна површина низ кои поминува трасата на нисконапонски и високонапонски воздушни водови.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3315/5
07.07.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

136.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за донесување ДУП дел од локалитет „Тунел 2" дел УЕ 12 дел од Блок УБ 59 измена и дополна, плански период 2009-2014, површина на опфатот 2,3 ха Општина Велес

Се објавува Одлуката за донесување ДУП дел од локалитет „Тунел 2" дел УЕ 12 дел од Блок УБ 59 измена и дополна, плански период 2009-2014, површина на опфатот 2,3 ха Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 07.07.2010 година.

Број 08-3356/8
09.07.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09) член 22, став 1, точка1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 07.07.2010 година донесе

О Д Л У К А
за донесување на Детален урбанистички план дел од локалитет ТУНЕЛ 2-дел од УЕ 12 дел од БЛОК УБ 59 - измена и дополна, плански период 2009-2014, површина на опфатот 2,3 ха Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши донесување на Детален урбанистички план дел од локалитет ТУНЕЛ 2-дел од УЕ 12 дел од БЛОК УБ 59 - измена и дополна плански период 2009-2014, површина на опфатот 2,3 ха - Општина Велес.

Документацијата за донесување на детален урбанистички план е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.78/06, 140/07, 12/09, 93/09 и 52/10) и Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Службен весник на РМ" бр.78/06).

Член 2

Просторот за кој се донесува Детален урбанистички план дел од локалитет ТУНЕЛ 2-дел од УЕ 12 дел од БЛОК УБ 59 - измена и дополна - Општина Велес е со површина на урбано подрачје од 2,30 ха.

Дефинирана е следнава граница на урбаното подрачје:

- север - по границата на КП 17612/1 и по осовината на ул. „Живко Фирфов"
- запад - по осовината на ул. „Живко Фирфов"
- југ - по границата на КП 17617/1, КП 17617/30, КП17617/29, КП17612/1 и по осовина на ул. Новопроектирана 1.
- исток - по осовината на улица „Благој Ѓорев"

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на Детален урбанистички план дел од локалитет ТУНЕЛ 2-дел од УЕ 12 дел од БЛОК УБ 59 - измена и дополна, плански период (2009-2014) - Општина Велес.

Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје;

Извештај од јавна презентација и јавната анкета на Детален урбанистички план дел од локалитет ТУНЕЛ 2-дел од УЕ 12 дел од БЛОК УБ 59 - измена и дополна - Општина Велес.

Член 4

За Детален урбанистички план дел од локалитет ТУНЕЛ 2-дел од УЕ 12 дел од БЛОК УБ 59 - измена и дополна - Општина Велес има добиено Согласност од Министерството за транспорт и врски -Скопје бр.16-6585/2 од 02.07.2010 година.

Член 5

Детален урбанистички план дел од локалитет ТУНЕЛ 2-дел од УЕ 12 дел од БЛОК УБ 59 - измена и дополна - Општина Велес го потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивата на Општината, еден кај Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес, еден во Државниот архив на РМ - Подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски во електронски формат, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам-Скопје, еден во Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес и еден примерок се изложува во просториите на Општина Велес за достапност на јавноста.

Член 6

Детален урбанистички план дел од локалитет ТУНЕЛ 2-дел од УЕ 12 дел од БЛОК УБ 59 - измена и дополна - општина Велес го спроведува Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3315/8
07.07.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

137.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за измена на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2010 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за измена на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 07.07.2010 година.

Број 08-3356/6
09.07.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 7.07.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот Економски развој (ЛЕР) за 2010 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3315/6
07.07.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 3 од Законот за Локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Оштина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 07.07.2010 година донесе

ПРОГРАМА
за измена на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2010 година

Во Програмата за активностите

на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2010 година („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 17/09 и 8/10) се вршат следните измени :

1. Во табелата: Г10) Поддршка на локалниот економски развој:

- Точките 3 и 4 се бришат.
- Се додава нова точка 3 „Изработка на елаборат за имплементација на мерки за енергетска ефикасност во ООУ „Кирил и Методиј“ со вредност 300.000 денари.
- Бројот на точките 5, 6, 7 и 8 се намалува за 1 (еден).

2. Во табелата Г20) Поттикнување на развојот на туризмот:

- Точките 1 и 2 се бришат.
- Точката 3 станува точка 1 се преименува во „Подготовка и печатење на промотивен и рекламен материјал“.
- Вредноста на точка 3 се менува во 1.700.000 денари.
- Точката 4 станува точка 2.

3.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3315/6
07.07.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

138.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за последиците предизвикани од невремето што ја зафати Општина Велес на 19 јуни 2010 година

Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за последиците предизвикани од невремето што ја зафати Општина Велес на 19 јуни 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 07.07.2010 година.

Број 08-3356/7
09.07.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 07.07.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за разгледување на Информација за последиците предизвикани од невремето што ја зафати Општина Велес на 19 јуни 2010 година

1. Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за последиците предизвикани од невремето што ја зафати Општина Велес на 19 јуни 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3315/7
07.07.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Бр на акт **Страница**

131	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на потребата од изработка на Локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес** **О Д Л У К А за утврдување на потребата од изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес**	199
132	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на потребата од изработка на Локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес** **О Д Л У К А за утврдување на потребата од изработка на Локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес**	200
133	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на потребата од изработка на Локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес** **О Д Л У К А за утврдување на потребата од изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес**	201
134	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на потребата од изработка на Локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес** **О Д Л У К А за утврдување на потребата од изработка на Локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес**	202
135	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за постапување со деградирани дрвја на територијата на Општина Велес** **О Д Л У К А за постапување со деградирани дрвја на територијата на Општина Велес**	203
136	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за донесување ДУП дел од локалитет „Тунел 2“ дел УЕ 12 дел од Блок УБ 59 измена и дополна, плански период 2009-2014, површина на опфатот 2,3 ха Општина Велес** **О Д Л У К А за донесување на Детален урбанистички план дел од локалитет ТУНЕЛ 2-дел од УЕ 12 дел од БЛОК УБ 59 - измена и дополна, плански период 2009-2014, површина на опфатот 2,3 ха Општина Велес**	205
137	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за измена на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2010 година**	206

Бр на акт **Страница**

З А К Л У Ч О К за донесување Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот Економски развој (ЛЕР) за 2010 година

ПРОГРАМА за измена на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2010 година

138 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за последиците предизвикани од невремето што ја зафати Општина Велес на 19 јуни 2010 година** **207**

З А К Л У Ч О К за разгледување на Информација за последиците предизвикани од невремето што ја зафати Општина Велес на 19 јуни 2010 година

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00